**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 - 487/5**

**Скопје, 22.11. 2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ШТИП**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Штип за 2006 година кои се прикажани на страните 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Штип за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Панде Сарев – градоначалник на општина Штип во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 25.06.2007 до 04.07.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната

сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 08-202/4 од 31.10.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Буџетот на општина Штип од Градоначалникот на општината. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодите од точките 10.1.1.;10.2.1 и 14.1. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што на ревизијата не и беа доставени релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење.
- забелешките на наод 10.3.1. став 3 се прифаќаат делумно ставот 3 се преформулира во функција на допрецизирање на истиот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. Градоначалникот на Општина Штип нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што е спротивно на член 16 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Исто така, во администрацијата на општина Штип не е вработен внатрешен ревизор што е спротивно на член 37 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Непочитувањето на законските одредби има влијание на вршење контрола на трошењето на средствата од буџетот и ефикасно воспоставување на системот на внатрешна сметководствена контрола.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да преземе мерки за операционализација на споменатите одредби од законските прописи.

11.1.2. Неколку години наназад општина Штип располага со средства собрани од локален самопридонес кои до 11 април 2006 година се депонирани на сметка во Стопанска банка АД Скопје, а потоа, во рамките на Трезорот отворена е посебна сметка. Службите на општина Штип немаат изготвено и доставено финансиски извештаи за оваа сметка до институциите предвидени согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Непочитувањето на законските одредби во однос на известувањето, ја намалува транспарентноста на органите на општина Штип во однос на користењето на средствата прибрани од граѓаните.

**Препорака:**
Службите на општина Штип да ги исполнуваат своите обврски во однос на известувањата предвидени согласно позитивната законска регулатива, при што паричните средства да се искажуваат во финансиските извештаи.

### 11.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.2.1 Ревизијата се оградува од давање мислење за реалноста и објективноста на приходите искажани во финансиските извештаи за 2006 година од причина што општина Штип не остварува целосна наплата на сопствените приходи и тоа во делот на локалните надоместоци кои се строго наменски.
Спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа општина Штип не ја врши наплатата на надоместот за уредување на градежно земјиште.
Имено, наплатата на надоместот за уредување на градежно земјиште ја врши ЈП „Штип Проект, чија основна дејност е уредување на градежното земјиште на територијата на општина Штип и изработка на детални урбанистички планови. Општина Штип нема склучено договор за извршување на работи од јавен интерес со ЈП „Штип-Проект“ што е спротивно на Законот за јавните претпријатија и Законот за локална самоуправа односно не се дефинирани заемните обврски, права и одговорности, ниту пак има воспоставено систем на контрола над работењето и извршувањето на задачите на ЈП „Штип-Проект“ во делот на утврдување, наплата и трошење на средствата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште. На ревизијата не и беа презентирани интерни акти со кои е уредено финасирањето на ова јавно претпријатие односно износот од средствата прибрани за уредување на градежно земјиште кои ќе се користат за финансирање на функционирањето на јавното претпријатие.
Наведеното претставува воспоставена пракса од минати години и создава можности за ненаменско и незаконско користење на строго наменските средства.
**Препорака:**
Градоначалникот и Советот на општина Штип да превземат мерки надлежноста утврдена со закон во делот на утврдување и прибирање на сопствените приходи (надоместокот за уредување на градежно земјиште), како и уредувањето на градежното земјиште да ја извршува општината, со цел воспоставување механизми на контрола и наменско користење на прибраните приходи по овој основ.

### 11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.3.1. Позицијата Побарувања која во билансот на состојба на ден 31 декември 2006 година е проценета во износ од 3,009 илјади денари е нереална и необјективна поради следново:

- Побарувањата по основ на закуп на деловен простор се искажани во помал износ од 18 илјади денари поради неизготвени и недоставени фактури кон „Ивила ДООЕЛ-Штип“ за месечен закуп за месеците од август до декември 2006 година;
- Побарувањата од граѓаните по основ данок на имот за 2006 година не се утврдени врз основа на извршениот облог, туку врз основа на слободна процена од податоци од минати години и можни нови приписи. Ова се должи на фактот што општина Штип, за прв пат во 2007 година го превзема изготвувањето на даночните решенија. Побарувањата по овој основ не ги вклучуваат ненаплатените даноци од имот од минати години, поради необезбедени податоци од Управата за јавни приходи – Регионална дирекција Штип. Ревизијата утврди помалку евидентирани побарувања од данок од имот за 2006 година во износ од 230 илјади денари од утврдените со облогот;

- За побарувањата по основ на ненаплатени комунални такси за користење на јавни површини пред деловни простории, такса за истакнување на реклама, објави и огласи, за користење на плоштади и надоместоци од други комунални дејности не се води аналитичка евиденција. Надлежните служби на општина Штип не беа во можност да обезбедат податоци – спецификација на побарувањата по вид надоместок со која ќе се потврди веродостојноста на евидентираниот износ.

Проценувањето на билансните позиции без релевантен поткрепувачки документ е спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат погрешно проценување на биласните позиции и изготвување на погрешни финансиски извештаи.

**Препорака:**

- Евиденцијата да се врши врз основа на реални сметководствени документи кои ќе обезбедат навремени и точни податоци.
- Службите на општина Штип да обезбедат точни податоци за побарувањата по сите основи и да ги извршат потребните корекции.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 11.2.1., ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на сметката на Буџетот на Општина Штип на ден 31 декември 2006 година.

13. Според наше мислење, кај сметката на Буџетот на Општина Штип, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2003 година, превземени се мерки во однос на усогласување на паричните средства на сметката на 31 декември со искажаниот вишок на приходи над расходи.

**15. Ревизијата смета за потребно да го обелодени следново:**

15.1. При усвојувањето на годишна сметка на општина Штип не се приложени на усвојување извештајот за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност и извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации, така што пред советниците не се презентирани дополнителни објаснувања кон податоците прикажани во годишната сметка.

Прзентирање и усвојување на споменатите извешти одделно од годишната сметка ја намалува транспарентноста на работењето на општинската администрација и создава можност за презентирање на различни податоци.

**Препорака:**

Тргнувајќи од определбата за поекономично и транспарентно работење и ограничените финансиски можности на општините, при усвојување на годишната сметка која е составен дел на Годишниот извештај, на Советот на општината да му бидат доставени на усвојување и извештаите предвидени со одредбите од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

**Скопје, 19.11.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 44,400 | 29,662 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 2,302 | 1,445 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 40,059 | 34,015 |
| **Вкупно приходи** | | **86,761** | **65,122** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 19,936 | 16,678 |
| Резерви и недефинирани расходи | - | 0 | 118 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 27,334 | 24,600 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | - | - | 1,030 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3. | 3,359 | 3,027 |
| Социјални бенефиции | 3.4.4. | 618 | 448 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **51,247** | **45,901** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | **14,980** | **13,668** |
| **Вкупно расходи** | | **66,227** | **59,569** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **20,534** | **5,553** |

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 20,534 | 5,553 |
| Побарувања | 4.1.2. | 3,009 | 22 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | - | 0 | 1 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | - | 0 | 200 |
| **Вкупно тековни средства** | | **23,543** | **5,776** |
| **Вкупна актива** | | **23,543** | **5,776** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 23,543 | 5,776 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **23,543** | **5,776** |
| **Вкупна пасива** | | **23,543** | **5,776** |